Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 30 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по наставниот предмет **германски јазик (втор странски јазик)** за **деветто** одделение на деветгодишното основно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

**Втор странски јазик**

**за IX ( деветто) одделение**

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | **Германски јазик (втор странски јазик)** |
| **Тип на наставна програма** | **Задолжителен** |
| **Одделение** | **IX (деветто) одделение**<br><br>По првата година од учењето на германскиот јазик во основното образование (VIодделение) треба да се достигнат основни знаења од нивото А1.1 (подготвително ниво).<br><br>По втората година од учењето на германскиот јазик во основното образование (VII одделение) треба да се достигнат понапредни знаења од нивото А1.2 (основно ниво).<br><br>По третата година од учењето на германскиот јазик (VIIIодделение) треба да се заокружат знаењата од нивото А1 (целосно ниво) и да се достигнат основни знаења од нивото А2.1 (подготвително ниво).<br><br>По **четвртата** година од учењето на германскиот јазик (IX одделение), треба да се достигнат делумни знаења од нивото А2.2 (основно ниво).<br><br>Стекнувањето на компетенциите во согласност со наведените нивоа ќе биде прикажано преку резултатите од учењето во сите наставни програми за основно образование (за VI, VII, VIII и IX одделение). |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 72/2 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ ученичката треба:<br>- да стекнува и да развива јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции при изучувањето на германскиот јазик како втор странски јазик;<br>- да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да стекнува елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развива способност за самостојно учење и самовреднување според *Заедничката европска референтна рамка (Портфолио)*;<br>- да развива позитивен став кон германскиот јазик и култура, во рамките на посочените теми да се здобие со основни познавања за социокултурниот живот на своите врсници од оваа култура, а преку споредба со нив да ги |

| | |
|---|---|
| | збогатува познавањата за сопствената култура и постоење;<br>- да развива способности за почитување на интеркултурната комуникација и културната различност, почитување на човековите права, другите култури и традиции, почитување на многујазичноста и збогатување на јазичната и општата култура;<br>- да развива повисока свест за јазичната комуникација како средство преку кое се пренесува културното наследство и културата на живеење, преку размена на идеи, мислења, чувства, вредности, норми и обичаи на заедницата и останатите заедници и<br>- да формира критички однос кон својата и туѓите култури и да се оспособува за развивање толеранција и емпатија кон другите и различните од себе. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за деветто одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за деветто одделение на основното образование.<br>Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив за наставен кадар** | Наставата по германски јазик може да ја изведува лице кое завршило:<br><br>- студии по германски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по германски јазик и книжевност- наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по германски јазик и литература - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за наставата по германски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС,<br>- двопредметни студии по македонски и германски јазик, VII/ 1 или 240 ЕКТС и<br>- студии по германски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за наставата по германски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС. |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими (примери)[1] | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Слободно време[2]** | | | |
| 1.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен /а:**<br>– да препознае лексички единици и граматички структури за опишување доживувања, настани и ситуации поврзани со слободното време | **А) Јазични функции**:<br>▪ опишување ситуации и доживувања<br>Ich bin mit Papa und Lina gewandert. Dann haben wir ein Picknick gemacht. Wir haben am Bodensee gecampt. Papa hat geangelt und ich habe surfen gelernt.<br>▪ (повторливи) случки во минатото<br>Gestern bin ich in den Park gegangen. Ich war nicht allein. Tom ist mitgekommen. Wir haben uns um elf Uhr getroffen. Er sollte um halb elf kommen, aber er ist nie pünktlich.<br>**Б) Лексички единици**:<br>▪ насоки на движење и просторно ориентирање<br>hinten, links, oben, rechts, unten, vorne, in der Mitte, die Ampel, der Bahnhof, die Haltestelle, die Kreuzung, die Straße...<br>**В) Граматички структури** | – вежби за воведување во содржината: визуелни асоцијации (слики, фотографии, асоциограми)<br>– работа со текстови од различни извори<br>– слушање аудио/видео снимки со автентичен говор и говор на наставникот<br>– изработка на асоциограми со клучни зборови<br>– барање/давање информации<br>– писмено или усно изразување за сопствено видување за минати и сегашни настани<br>– вежби за наоѓање алтернативен одговор<br>– креирање мисловна мапа<br>– проширување реченици со приредувачки и со | **Ученикот/ученичката може да:**<br>1.1.1 препознава клучни информации поврзани со темата<br>1.1.2 издвојува клучни информации за минати и за сегашни настани<br>1.1.3 разликува граматички структури за изразување на сегашно и на минато дејство<br>1.1.4 разбере насоки на движење и за просторно ориентирање<br>1.1.5 одбере потребни лексички единици и граматички структури и да ги употреби во нова ситуација |

[1] Содржините и поимите дадени во наставната програма се однесуваат на сите резултати од учењето.

[2] Насловите на темите се дадени согласно лексиката и јазичните функции.Тие може да бидат и поинаку формулирани, но материјата што се обработува останува иста.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2. | – да разбере глобално и селективно говорен и пишуван текст од областа на слободното време и на хоби | ▪ глаголи<br>▪ слаби и јаки глаголи во презент<br>Wir gehen bis zum Supermarkt und dann nach links. Tom wartet vor dem Kino.<br>▪ слаби и јаки глаголи во перфект со *haben* или *sein*<br>Tom hat vor dem Kino gewartet. Wir sind zusammen bis zum Supermarkt gegangen.<br>▪ *werden* како главен глагол<br>Das Wetter wird schön. Anna wird Ärztin<br>▪ *haben, sein, werden* како главни глаголи во претеритум<br>Martina wollte dich besuchen, aber sie hatte keine Zeit. Sie war lange in der Schule. Es wurde spät und sie ging gleich nach Hause.<br>▪ модалните глаголи во претеритум: *dürfen, können, mögen, müssen, sollen, wollen*<br>Er wollte zu mir kommen, aber er konnte nicht, weil er lernen musste.<br>▪ елиптична употреба на *müssen* со определба за насока<br>Er musste zum Training.<br>▪ именки со определен и неопределен член во номинатив, датив и акузатив<br>Dort steht ein Junge. Er hat einen Freund. Der Junge geht mit dem Freund in die Disco. Er möchte Sänger werden. Das ist sein Traumberuf. | подредувачки сврзници сврзници<br>– изработување и презентирање постер, плакат или презентација<br>– одговарање на прашања и искажување на сопствено мислење за одредена тема, прочитан текст или слушната ситуација<br>– дополнување реченици или текст со празнини<br>– барање/давање информации<br>– активности за препознавање информации (повеќечлен избор, точно/погрешно)<br>– опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.<br>– поврзување прашање со одговор<br>– довршување реченици или краток текст<br>– подредување делови од реченици<br>– поврзување делови од текст според логичен или хронолошки редослед<br>– поврзување информации од текст или ситуација со одредена личност<br>– дискусија за конкретна тема со понудени зборови потсетници | 1.2.1 идентификува изрази за опишување активности во слободно време<br>1.2.2 ја разбере суштината на говорен или на пишуван текст<br>1.2.3 разликува меѓу важни и редундантни информации во пишуван или говорен текст<br>1.2.4 ја преведе суштината на говорен или на пишуван текст од германски на мајчин јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.3. | – да примени лексички единици и граматички структури за да опише занимање | ▪ придавка во атрибутска употреба: деклинација во номинатив, акузатив и датив зад определен член, зад неопределен член и при нулов член<br>▪ Ich habe einen alten Computer von meiner lieben Oma. Ich habe einen roten Kuli. Wo ist der neue Computer? Ich habe billige Hefte gekauft.<br>▪ членски зборови во номинатив, акузатив и датив<br>▪ определен и неопределен член<br>▪ присвојните членски зборови<br>Wo ist mein Apfel? Gib mir bitte meinen Apfel<br>Hier sind der Apfel, die Banane, das Ei und das Mehl. Ich mache mit meiner Mutter eine Torte.<br>▪ прашалниот членски збор *welcher*<br>Welcher Apfel ist lecker? Welchen Saft trinkst du gern? Den Orangensaft oder den Apfelsaft?<br>▪ показниот членски збор *dieser*<br>Dieser Apfel ist lecker.<br>▪ неопределените членски зборови: *aller, etwas, jeder*<br>Dieser Apfel ist lecker.<br>▪ одречниот членски збор *kein*<br>Ich habe heute kein Geld. | – откривање и коригирање грешки<br>– опишување слики<br>– формулирање искази според дадени потсетници<br>– користење дигитални медиуми за истражување информации<br>– изготвување и презентација на проект<br>– пишување и водење дијалози според дадени улоги<br>– прераскажување краток текст или ситуација според хронолошки редослед<br>– пишување одговор на електронско писмо | 1.3.1 анализира информации поврзани со занимања<br>1.3.2 препознава називи за занимања<br>1.3.3 образува реченици со *werden* како главен глагол<br>1.3.4 образува реченици со *haben, sein* и *werden* како главни глаголи во претеритум<br>1.3.5 образува реченици со придавка во атрибутска употреба |
| 1.4. | – да примени лексички единици и граматички структури за да опише | ▪ бројните придавки: *viel, wenig*<br>Tina hat viele Bücher. Tom hat heute nur | | 1.4.1 глобално и селективно да разбере информации во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | минати и сегашни состојби, настани и дејства | wenig Geld.<br>▪ заменки номинатив, акузатив и датив<br>• лични заменки во еднина и множина во номинатив, акузатиов и датив<br>Er wartet vor der Schule. Ich treffe ihn dort. Ich gehe mit ihm ins Theater.<br>▪ присвојни заменки<br>Wo ist dein Apfel? Meiner liegt auf dem Tisch.<br>▪ прашални заменки: *wer, was*<br>Wer ist dieser Mann? Was wolltest du mir sagen?<br>▪ неопределени заменки: *alles, einer, etwas, jeder, jemand, man*<br>Jemand hat dich angerufen. Man kann nicht alles wissen. In der Klase sind 30 Schüler. Nur einer wusste die Antwort.<br>▪ показни заменки: *der, dieser*<br>Hier sind zwei Bücher. Dieses ist sehr insteressant. Welcher Tee ist gut für den Magen? – Der da.<br>▪ одречната заменка *keiner*<br>Ich habe drei Freunde aus Deutschland. Keiner spricht Mazedonisch.<br>▪ повратната заменка *sich* (во датив и акузатив)<br>Ich wasche mich jeden Morgen mit kaltem Wasser. Ich wasche mir jeden Morgen das Gesicht mit kaltem Wasser. | | секојдневната комуникација<br>1.4.2 ги разликува глаголските времиња<br>1.4.3 применува познати изрази во нов контекст<br>1.4.4 образува реченици со модалните глаголи во претеритум |
| 1.5. | – да примени лексички единици и граматички структури за да опише | ▪ односните заменки: *der, was* | | 1.5.1 даде примери за активности за време на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | одмор или патување | Das ist meine Tante, die Deutsch spricht. Das, was er gesagt hat, stimmt nicht.<br>▪ премин на членскиот збор во заменка при изоставање на именската синтагма<br>Mein Handy ist da. Peter hat sein Handy zu Hause vergessen. / Peter hat seines zu Hause vergessen.<br>▪ деклинација на именката во номинатив акузатив и датив<br>Wo ist der Ball? Gib mir den Ball. Gib meinen Freunden den Ball.<br>▪ валентност (специфична и задолжителна околина) на предлозите<br>▪ предлози со акузатив: *bis, durch , für, gegen, ohne, um*<br>▪ предлози со датив: *ab, aus, mit, von*<br>▪ предлози со датив и со акузатив: *an, auf, bis, gegen, hinter, in, neben, über, unter, vor, zwischen*<br>▪ значење на предлозите<br>▪ предлози за место: со датив: *an, auf, bei, hinter, in, neben, über, unter, zwischen;* со акузатив: *um*<br>▪ предлози за време: со датив: *ab, an, bei, bis, in, seit, von, vor,* zwischen; со акузатив: *um*<br>Am Wochenende spiele ich Tennis. Bis wann dauert die Reise? – Bis Freitag. Seit zwei Monaten lerne ich Deutsch<br>▪ предлози за насока; за потекло со датив: *ab, aus, von;* за насока и | | распустот<br>1.5.2 опише некое туристичко место во земјите во кои германскиот е службен јазик<br>1.5.3 опише омилено место во својата земја<br>1.5.4 напише разгледница или електронско писмо<br>1.5.5 образува реченици со определба за време, за место, за насока, за начин, за орудие, за цел и за придружен елемент |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | одредиште со акузатив: *an, auf, bis, durch, gegen, hinter, in, neben, über, unter, vor, zwischen;* за насока и одредиште со датив: *nach, zu*<br>▪ предлози за начин: *auf, mit, ohne*<br>Wir machen das immer auf diese Weise. Das Kind aß mit Appetit.<br>▪ предлози за причина: *aus*<br>Er singt aus Spaß.<br>▪ предлози за орудие: *mit*<br>Er fährt oft mit dem Taxi. Ich schreibe mit einem roten Bleistift.<br>▪ предлози за цел (финални): zu<br>Fährt er nach BerlinMeer zum Vergnügen oder muss er dort arbeiten?<br>▪ предлози за придружен елемент: со датив: *mit;* со акузатив: *ohne*<br>Tina geht mit Maria spazieren.<br>Tina isst ohne ihren Freund zu Mittag.<br>▪ определба за место<br>▪ прилог: *dort, hier, oben, unten*<br>▪ предлог + датив: *in der Schule, zu Hause*<br>предлог + акузатив: *Wir saßen um das Feuer.*<br>▪ определба за време<br>▪ прилог: *dann, jetzt, lange, wann, wie lange*<br>▪ предлог + датив*: ab Dienstag, am Montag, an Weihnachten, zwischen zwei und drei Uhr,* | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ▪ предлог + акузатив: *um fünf Uhr, bis nächste Woche*<br>▪ предлог + предлог + датив: *bis zum Wochenende*<br>▪ предлог + прилог: *seit gestern*<br>▪ акузатив: *jeden Tag, jeden Sommer*<br>*Jeden Tag müssen wir am Morgen rechnen. Dann haben wir Sport.*<br>▪ определба за насока<br>▪ прилог: *dorthin, hierher, rückwärts, woher, wohin*<br>▪ предлог + датив<br>*aus Deutschland, nach Hause, nach Deutschland, zu meiner Tante*<br>▪ предлог + акузатив<br>*auf den Markt, in die Schule*<br>▪ предлог + прилог<br>*nach draußen, nach oben, nach unten*<br>*Sie setze sich auf den Stuhl und schaute nach oben.*<br>▪ определба за начин<br>▪ прилог: *gern(e), so, wie*<br>▪ придавка: *langsam, plötzlich*<br>▪ предлог + датив: *mit großer Freude*<br>▪ предлог + акузатив: *auf diese Weise*<br>▪ *wie* + именка или заменка: *wie ich, wie mich, wie meine Schwester*<br>Meine Mutter kocht wie ihre Mutter. Beide kochen mit viel Geduld und mit großer Freude.<br>▪ определба за причина: прилозите *deswegen,warum* | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Warum bist du so traurig?<br>▪ определба за орудие: предлог + датив: *mit dem Auto*<br>Ich fahre mit dem Bus in die Schule.<br>▪ определба на целта (финална): предлог + акузатив: *für dich*<br>Ich mache die Hausaufgabe für dich.<br>▪ определба за придружен елемент:<br>▪ предлог + датив: mit<br>Ich gehe mit Peter ins Kino.<br>▪ предлог + акузатив: *ohne*<br>*Willst du ohne deine Schwester zur Party gehen?*<br><br>**Г) Интеркултурни содржини:**<br><br>Размена на ученици<br>Пишувам дневник: Еден месец живеам поинаку | | |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **2** | | **Опкружување (населба, улица, град, село)** | | |
| 2.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>– да препознае лексички единици, граматички структури и јазични функции за да разбере важни информации во краток пишуван или говорен текст | **А) Јазични функции**:<br><br>▪ опишување на своето опкружување (населба, улица, град, село)<br>Ich wohne in einem kleinen Dorf in der Nähe von Ulm. Es gibt 50 Häuser, einen Supermarkt, eine Schule und einen Kindergarten. Die Leute sind nett und freundlich.<br><br>▪ барање и давање на информации за насоки на движење и за просторно ориентирање<br>– Entschuldigung, wie komme ich zur Post? – Sie müssen am Stadtpark vorbeigehen und dann vor dem Supermarkt nach links. Gleich sehen Sie die Post.<br><br>**Б) Лексички единици**:<br><br>▪ објекти и институции во населено место<br>die Apotheke, die Bäckerei, die Bank, das Krankenhaus, das Kino, der Markt, die Metzgerei, die Post, das Rathaus, die Schule<br><br>▪ животна средина<br>die Energie, das Gebirge, die Gesundheit, die Natur, die Pflanzen, die | – вежби за воведување на содржината: визуелни асоцијации (слики, фотографии, асоциограми)<br>– работа со текстови од различни извори<br>– слушање аудио/видео снимки со автентичен говор и говор на наставникот<br>– изработка на асоциограми со клучни зборови<br>– барање/давање информации за насоки на движење и ориентирање<br>– писмено или усно опишување објекти во населено место<br>– вежби за наоѓање алтернативен одговор<br>– креирање мисловна мапа<br>– проширување на реченици со додатоци и сврзници<br>– изработување и презентирање на постер/плакат/презентација<br>– одговарање на прашања и искажување на сопствено мислење за одредена тема, прочитан текст или слушната | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>2.1.1 ја разбере суштината на говорен или на пишуван текст<br>2.1.2 направи разлика меѓу сегашно и минато време<br>2.1.3 разликува меѓу важни и редундантни информации во пишуван или говорен текст<br>2.1.4 ја преведе суштината на говорен или на пишуван текст од германски на мајчин јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.2. | – да го опише своето опкружување во кус говорен или пишуван текст | Umwelt, der Verkehr, die Verschmutzung, das Wetter<br><br>▪ превозни средства<br>das Auto, der Bus, das Fahrrad, das Flugzeug, die Straßenbahn, die U-Bahn, der Zug ...<br><br>**В) Граматички структури**<br><br>▪ степенување<br>▪ степенување на придавките<br>viel, mehr, am meisten/der meiste; groß, größer, am größten/der größte; schnell, schneller, am schnellsten/der schnellste<br>▪ придавката во суперлатив *der liebste*<br>▪ степенување на прилогот *gern*<br>gern, lieber, am liebsten<br>▪ степенувани форми во предикативна и во прилошка употреба<br>Später war er nicht mehr zu Hause. Er ist besser, wenn du es ihm selbst sagst. Ich bin müde. Ich will lieber ins Hause bleiben. Am liebsten gehe ich gleich zu Bett.<br>▪ деклинација на придавката<br>▪ придавка во атрибутска употреба: деклинација во номинатив и акузатив зад определен член, зад неопределен | ситуација<br>– дополнување реченици или текст со празнини<br>– барање и давање информации<br>– активности за препознавање информации (повеќечлен избор, точно/погрешно)<br>– опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.<br>– писмено или усно разликување сообраќајни средства<br>– поврзување прашање со одговор<br>– довршување на реченици или краток текст<br>– подредување делови од реченици<br>– поврзување делови од текст според логичен или хронолошки редослед<br>– поврзување информации од текст или ситуација со одредена личност<br>– дискусија за конкретна тема со понудени зборови/потсетници<br>– откривање и коригирање грешки<br>– опишување слики<br>– формулирање искази според дадени потсетници | 2.2.1 издвојува, да поврзува и да применува изрази<br>2.2.2 напише разгледница, кратко електронско писмо и сл.<br>2.2.3 во кус разговор да опишува каде живее<br>2.2.4 анализира реченици за искажување на местоположба на предмети<br>2.2.5 образува зависни реченици со *dass*, *wenn*, *weil*, *damit* и др. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.3. | – да побара и даде информации за насоки за движење и за просторно ориентирање | член и при нулов член<br>Das ist ein neues Buch. Ich habe einen alten Kuli. Wo ist der neue Computer? Ich habe billige Hefte gekauft.<br>▪ деклинација на придавка со споредбен елемент<br>Sie hat eine bessere Note als ich. Sie ist die beste Schülerin in der Klasse.<br>▪ зависни реченици<br>▪ декларативна реченица со *dass*<br>Ich weiß, dass dieses Essen sehr lecker ist.<br>▪ временска реченица со *wenn*<br>Er ist immer glücklich, wenn er seine Oma auf dem Land besucht.<br>▪ условна реченици со *wenn*<br>Wenn du zu Hause bleibst, bin ich traurig.<br>▪ причинска реченица со *weil*<br>Ich habe ich besucht, weil er krank ist.<br>▪ целна реченица со *damit*<br>Er bestellt Getränke für seine Freunde, damit alle zufrieden sind.<br>**В) Граматички структури**<br>▪ односна реченица со *der, was*<br>Das ist meine Freundin, die sehr | – користење дигитални медиуми за истражување информации<br>– изготвување и презентација на проект<br>– креирање и водење дијалози според дадени улоги т.е. насоки<br>– прераскажување краток текст или ситуација според хронолошки редослед<br>– пишување електронско писмо и одговор на електронско писмо | 2.3.1 препознава изрази што се користат за опишување насока и за просторно ориентирање<br>2.3.2 го опише патот во директна размена на информации<br>2.3.3 ги разликува називите за сообраќајните средства<br>2.3.4 образува реченици со степенувани форми на придавки во предикативна и во прилошка употреба<br>2.3.5 применува новонаучени зборови и изрази во нов контекст |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.4. | – да опише место, објект или институција | schnell schwimmen kann. Mir gefällt das,was du mit geschenkt hast.<br>▪ индиректно отворено прашање со прашална заменка и со прашален прилог<br>Ich weiß, wer das ist. Hast du erfahren, wie er heißt?<br>▪ елиптично индиректно отворено прашање со прашална заменка и со прашален прилог<br>Ich weiß, dass er eine Geburtstagsparty plant, aber ich weiß nicht, wo?<br>▪ реченична рамка во зависна реченица: прво и последно место<br>▪ сврзник и лична глаголска форма во декларативна, временска, условна, причинска и целна реченица<br>Kommt mit, wenn ihr Zeit habt.<br>Ich habe eine schlechte Note bekommen, weil ich nichts gelernt habe.<br>▪ сврзувачки збор (релативна заменка) и лична глаголска форма<br>Das ist das Foto, das ich gestern gemacht habe.<br>▪ сврзувачки збор (прашална заменка) и лична глаголска форма<br>Weißt du, wer das ist? | | 2.4.1 разбере и издвои изрази за опишување на град, училиште, ресторан, продавница и сл.<br>2.4.2 пренесува основни информации со сопствени зборови<br>2.4.3 искаже лично мислење или став со помош на придавки во предикативна и во прилошка употреба<br>2.4.4 ја препознава валентноста на глаголите<br>2.4.5 ги препознава и да ги исправа сопствените грешки при зборување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.5. | – да разбере краток пишуван или говорен текст од областа на заштитата на животната средина | ▪ сврзувачки збор (прашален прилог) и лична глаголска форма<br>Weißt du, wo er im Urlaub war?<br>▪ реченична рамка во зависна реченица: второ и последно место во индиректен говор<br>Sie sagt, sie will nach Spanien fahren.<br>▪ валентност (специфична и/или задолжителна околина) на глаголите со субјект<br>▪ глаголи без друга валентност освен субјект<br>Tina schläft bei ihrer Freundin.<br>▪ глаголи со предикатив (номинатив)<br>Sie ist Ärztin.<br>▪ глаголи со објект во акузатив<br>Was hast du gegessen? Tina hat ein neues Handy.<br>▪ глаголи со определба за место<br>Meine Großeltern wohnen auf dem Land.<br>▪ глаголи со определба за насока<br>Wohin geht er? – Er geht nach Hause. Seine Eltern fliegen nach Österrich. Wir gehen auf den Sportplatz.<br>▪ глаголи со објект во акузатив и со објект во датив<br>Ich gebe dir mein Buch. Er hat mir | | 2.5.1. ја идентификува основната порака во говорен и во пишуван текст<br>2.5.2. разбере и да издвои изрази за опишување на животната средина<br>2.5.3. ги препознава и да ги поправа сопствените грешки<br>2.5.4. применува новонаучени изрази во нов контекст<br>2.5.5. ја преведе суштината на говорен или на пишуван текст од германски на мајчин јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | seine Fotos gezeigt.<br>▪ глаголи со објект во акузатив и со определба за насока<br>Sie hat das Heft auf den Tisch. gelegt. Stell das Buch ins Regal.<br>▪ глаголи со придавка во предикативна употреба<br>Das Wetter ist schön.<br>▪ глаголи со определба за време<br>Der Unterricht beginnt um 8 Uhr.<br>▪ глаголи со предлошки објект: предлог + датив или предлог + акузатив<br>Ich habe am Bahnhof auf dich gewartet. Er hat sich mit seinem Freund unterhalten.<br>▪ глаголи со објект во датив<br>Ich will dir helfen.<br>▪ глаголи со зависна реченица во улога на објект во акузатив<br>Hast du gewusst, dass er eine neue Freundin hat?<br>▪ глаголи со инфинитив<br>Morgen gehe ich einkaufen.<br>▪ валентност (специфична и/или задолжителна околина) на глаголите со формалниот субјект *es*:<br>▪ глаголи без друга валентност | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Heute regnet es.<br>▪ глаголи со акузатив и определба за место<br>Dort gibt es viele Häuser.<br>▪ глаголи со објект во датив и определба за начин<br>**Wie** geht es **dir**?<br><br>**Г) Интеркултурни содржини**<br><br>Знаменитости во градот<br>Изработка на постер или презентација | | |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **3** | **Здравје и здрав живот** | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен /а:**<br>– да идентификува јазични, лексички и граматички единици за да разбере пишуван и говорен текст | **А) Јазични функции**:<br>▪ прашување за здравствена состојба и давање одговор за сопствената или состојбата на некој од блиското опкружување<br>Geht es dir gut? – Ja, mir geht es gut, aber meine Schwester ist erkältet.<br>▪ давање совет за здрав живот и | – вежби за воведување во содржината: визуелни асоцијации (слики, фотографии, асоциограми)<br>– работа со текстови од различни извори<br>– слушање аудио/видео снимки со автентичен говор или говор на наставникот | **Ученикот/ученичката може да:**<br>3.1.1 ја идентификува главната порака во говорен и во пишуван текст<br>3.1.2 разбере и да издвои изрази за опишување на животната средина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | здрава исхрана<br>Du sollst mehr Obst und Gemüse essen.<br><br>▪ барање,нудење, прифаќање или одбивање помош, услуга, совет:<br>Brauchen Sie Hilfe? – Ja, gerne. / Nein, danke.<br><br>▪ искажување став за согласување или несогласување<br>Ich finde so etwas gut / langweilig / lustig. Das ist doch egal. Das gefällt mir nicht gut.<br><br>**Б) Лексички единици**:<br><br>▪ делови од човечкото тело<br>der Arm, das Bein, der Bauch, die Hand, der Kopf, der Mund ...<br><br>▪ здравствена состојба<br>gesund / krank sein, untersuchen,<br>der Arzt, die Besserung, die Erkältung, das Fieber, das Krankenhaus, die Krankheit, das Medikament, das Rezept, die Untersuchung<br><br>▪ спортски активности<br>Basketball spielen, Skateboard fahren, schwimmen, rennen, wandern<br><br>**В) Граматички структури**<br><br>▪ главни реченици<br>▪ исказна реченица<br>Ich lerne Deutsch. | – изработка на асоциограми со клучни зборови<br>– барање/давање информации<br>– писмено или усно изразување на здравствената состојба<br>– вежби за наоѓање алтернативен одговор<br>– креирање мисловна мапа<br>– проширување на реченици со додатоци и сврзници<br>– изработување и презентирање на постер, плакат или презентација<br>– одговарање на прашања и искажување на сопствено мислење за одредена тема, прочитан текст или слушната ситуација<br>– дополнување реченици или текст со празнини<br>– барање и давање информации<br>– вежби за препознавање информации (повеќечлен избор, точно/погрешно)<br>– опишување и раскажување според слики, видеоматеријали и сл.<br>– писмено или усно изразување на личен став<br>– поврзување јазични конструкции<br>– поврзување прашање со одговор | 3.1.3 ги препознава и да ги поправа сопствените грешки<br>3.1.4 применува новонаучени изрази во нов контекст<br>3.1.5 ја преведе суштината на говорен или на пишуван текст од германски на мајчин јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.2. | – да примени јазични функции во едноставна и директна размена на информации за здравствена состојба | ▪ затворено прашање<br>Hast du Zeit für mich?<br>▪ отворено прашање<br>Wann hast du Zeit für mich?<br>▪ заповедна реченица<br>Lerne Deutsch.<br>▪ позиција на личноглаголската форма: второ место<br>▪ исказна реченица<br>Ich spiele gern Fußball.<br>▪ отворено прашање<br>Woher kommst du?<br>▪ позиција на личноглаголската форма: прво место<br>▪ заповедна реченица<br>Lies bitte den Text.<br>▪ затворено прашање<br>Kommst du aus der Schweiz?<br>▪ првото место во главна реченица со личноглаголска форма на второто место<br>▪ заменка<br>Ich spiele gern Fußball.<br>Wer ist das? Was will er?<br>▪ именка синтагма<br>▪ Die Schweiz ist ein schönes Land.<br>▪ прилог, придавка или предлог | – доврштување на реченици или краток текст<br>– подредување делови од реченици<br>– поврзување делови од текст според логичен редослед<br>– поврзување информации од текст/ситуација со одредена личност<br>– дискусија за конкретна тема со користење понудени зборови/потсетници<br>– откривање и коригирање грешки<br>– опишување слики<br>– формулирање искази според дадени потсетници<br>– користење дигитални медиуми за истражување информации<br>– изготвување и презентација на проект<br>– креирање и водење дијалози според дадени улоги т.е. насоки<br>– прераскажување краток текст или ситуација според хронолошки редослед<br>– пишување одговор на е-маил или краток текст според сопствено видување | 3.2.1 поставува прашања и да дава одговори за здравствената состојба<br>3.2.2 дава примери за заболувања, болки, чувства и сл.<br>3.2.3 проценува кои лексички единици и граматички структури се потребни за да образува реченици со кои се опишува здравствената состојба<br>3.2.4 праша за совет и да дава совети<br>3.2.5 ја пренесе суштината едноставен разговор од германски на мајчин јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.3. | – да опише спортски активности и објекти | + именска синтагма<br>Am Wochende bleibe ich nicht zu Hause. Mogen gehe ich schwimmen. So kannst du alles schaffen. Gehe nicht so schnell über die Straße. Warum sieht sie so müde aus?<br>▪ модален збор<br>Leider kann ich dich morgen nicht besuchen.<br>▪ зависна реченица<br>Wenn ich müde bin, trinke ich ein Glas Apfelsaft.<br>▪ реченична рамка: второ и последно место од лична и од нелична глаголска форма<br>▪ модален и главен глагол во исказна реченица<br>Sie muss heute lernen.<br>▪ модален и главен глагол во отворено прашање<br>Was muss sie lernen?<br>▪ помошен глагол и главен глагол во исказна реченица<br>Tina hat den Text gelesen.<br>▪ помошен глагол и главен глагол во отворено прашање<br>Wann hat Tina den Text gelesen?<br>▪ реченична рамка: прво и последно место од лична и од нелична глаголска форма | | 3.3.1 препознава изрази што се користат за опишување спортски активности и објекти<br>3.3.2 проценува кои зборови и нивни форми се потребни за да состави реченици со кои се опишуваат спортски активности<br>3.3.3 даде, да одбие и да прифати предлог<br>3.3.4 применува новонаучена лексика во нов контекст<br>3.3.5 образува реченица со модален глагол<br>3.3.6 образува реченица со и без реченична рамка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.4. | – да даде совети за здрав живот и за здрава исхрана | ▪ модален и главен глагол во отворено прашање<br>Muss sie heute lernen?<br>▪ помошен глагол и главен глагол во отворено прашање<br>Hat Tina den Text gelesen?<br>▪ реченична рамка: второ и последно место од лична глаголска форма и од првиот член на делив глагол<br>▪ исказна реченица<br>Tino kommt heute an.<br>▪ отворено прашање<br>Wann kommt Tino an?<br>▪ реченична рамка: прво и последно место од лична глаголска форма и првиот член на делив глагол<br>▪ затворено прашање<br>Kommt Tino heute an?<br>▪ заповедна реченица<br>Räume endlich dein Zimmer auf.<br><br>**Г) Интеркултурни содржини**<br><br>Здрава околина, здрав живот<br>Изработка на брошура | | 3.4.1 препознава изрази што се користат за опишување здрав живот и здрава исхрана<br>3.4.2 дава примери за здрава храна<br>3.4.3 споредува здрава исхрана со брза храна<br>3.4.4 изрази согласување и несогласување<br>3.4.5 применува новонаучена лексика во нов контекст<br>3.4.6 ја анализира реченичната рамка во главна реченица<br>3.4.7 ја анализира реченичната рамка во зависна реченица |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.5. | – да напише електронско писмо на тема здрав живот или здрава исхрана | | | 3.5.1 ги примени правописните и интерпункциските правила за пишување електронско писмо<br>3.5.2 примени јазични функции за опишување на здравиот живот<br>3.5.3 спореди здрава исхрана со брза храна<br>3.5.4 искаже став за согласување и за несогласување<br>3.5.5 препознава сопствени грешки и да ги коригира |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показателите за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, не треба да се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците да не се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година. Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработка на презентации и проектни задачи.<br>На крајот на **деветто** одделение учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |
| **Дидактички препораки** | Целта на овие дидактички препораки е да помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените цели применувајќи во наставата најнови сознанија од подрачјето на дидактиката и методиката на наставата по странски јазици, педагогијата и психологијата, т.е. позитивни домашни и странски искуства поврзани со наставата и учењето на германскиот јазик, но притоа да не ја ограничува неговата/нејзината креативност.<br>Во планирањето на наставата за деветто одделение земени се предвид содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во истото, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините со акцент на интегрираното поврзување со содржините од мајчиниот јазик.<br>Фокус на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учење. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата улога не е само пренесување на знаења. Неговата улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.<br>При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, кинестетички); различните видови интелигенција (вербална-лингвистичка, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.<br>Треба да се има предвид дека менувањето на различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална и работа во парови и групи, истражувачка работа, работилници), како и менувањето на пократки и |

| | |
|---|---|
| | подолги, побучни и потивки активности, периодите на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот, ја подобруваат мотивацијата за учење.<br>Наставата по германски јазик се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти со што јазикот ќе се учи на функционален начин. Согласно горенаведеното, за изучување странски јазик не може да се определи, односно не е можно да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.<br>Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: Разбирање при Слушање и при Читање, Зборување, како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорна продукција, како и вештината Пишување.<br>Наставникот треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по германски јазик се стекнуваат основни јазични и социопрагматични знаења и знаења кои се врзани со самиот процес на учење.<br>Од наставникот/наставничката се очекува да ги учи учениците да развиваат и применуваат стратегии на успешно учење. |
| **Литература и други извори** | **Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење.** |
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-1744/4<br>30.1.2020 година**<br>**МИНИСТЕР,<br>Dr. Arbër Ademi** |